УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA E MJEDISIT JETËSOR
СЕКТОР ЗА ИНДУСТРИСКО ЗАГАДУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК
DEPARTAMENTI I NDOTJES INDUSTRIALE DHE MENAXHIMIT TË RREZIKUT

Арх.бр./Nr. i arhivës УП1-11/3-96/2024
Дата/Data 27-05-2024

Врз основа на член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ( "Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11, 96/19 110/19), а согласно член 118 став 1 и 3 и член 130 став 1 и 2 а во врска со член 134 став 2 од Законот за животна средина (Службен весник на РМ 53/05, 81/05 и 24/07, 159/08, 83/09,48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012 ,93/2013, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18, 99/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.89/22 и 171/22), постапувајќи по заедничко барање на правните Друштво за производство на топлинска енергија **ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ** Скопје - **ТОПЛАНА ИСТОК** и **Друштво за производство на топлинска енергија ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје,** архивирано под број УП1-11/3-96/2024 од 17.01.2024год. и во Прилог- Извештај од Генерална еколошка ревизија со пропратна документација, Министерот за животна средина и просторно планирање се донесе следново:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За целосен пренос на А – Дозвола за усогласување со оперативен план**

**1.**Се врши целосен пренос на А – Дозвола за усогласување со оперативен план бр.11-1390/2 од 31.01.2014год. од Друштво за производство на топлинска енергија **ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ** Скопје - **ТОПЛАНА ИСТОК** на **Друштво за производство на топлинска енергија ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје,** со Адреса на: **ул.Тодор Александров бр.6 Скопје-Гази Баба-Скопје.**

**2.**Причина за пренос на А – Дозвола за усогласување со оперативен план со бр.11-1390/2 од 31.01.2014год. издадена на Друштво за производство на топлинска енергија **ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ** Скопје - **ТОПЛАНА ИСТОК** е превземањето на управувањето со инсталацијата од страна на **Друштво за производство на топлинска енергија ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје,** како нов оператор од 2023година, и во согласност со лиценца за производство на топлинска енергија.

**3.**Се задолжува операторот **Друштво за производство на топлинска енергија ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје,** за исполнување на обврските во однос на заштита на животната средина произлезени од направената процена за обврските дефинирани во А-ДУОП со бр. 11-1390/2 од 31.01.2014год. нивната


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

имплементација, констатираните состојби и идентификуваните финансиски трошоци во Извештајот од Генералната Еколошка Ревизија.

**4.**Се задолжува операторот **Друштво за производство на топлинска енергија ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје,** да постапи по препораките од извршената Генерална Еколошка Ревизија и да ги превземе обврските за превенција и контрола на загадувањето на медиумите од животната средина.

**5**.Согласно наодите од извршената еколошка ревизија - **Извештај од Генерална еколошка ревизија бр.09-1157/1 од 28.12.2023год.** се задолжува операторот **Друштво за производство на топлинска енергија ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје,** вклучително и сите нови моменти и состојби да поднесе Барање за А-Интегрирана еколошка дозвола.

**7.** Сите нови моменти кои не се опфатени во дозволата за усогласување со оперативен план, како одведување на отпадните води и намалување на испустите кои треба да се мониторираат, промена на суровини вклучително и енергенси, да бидат детално појаснети и содржани во Барањето за А-Интегрирана еколошкка дозвола.

**8**. Се задолжува операторот **Друштво за производство на топлинска енергија ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје,** кој го бара преносот на А-Дозволата за усогласување со оперативен план, заради транспарентноста на постапката да ги надомести трошоците за објавата на решението во весник на македонски јазик и јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

**9**.Носителот на А-интегрирана еколошка дозвола/Дозвола за усогласување со оперативен план е должен да ги почитува сите услови во дозволата при користење и управување со инсталацијата.

**Образложение**

Министерството за животна средина и просторно планирање за правниот субјект од Друштво за производство на топлинска енергија **ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ** Скопје Топлана Исток, издаде А-Дозвола за усогласување со оперативен план со бр.11-1390/2 од 31.01.2014год. за категорија на индустриска активност 1.1-Согорувачки инсталации со номинален топлински влез поголем од 50 MW, во случајот со предметната инсталација , инсталираната снага е: 279,12MW (топла вода) и 14,81MW (пареа).

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA E MJEDISIT JETËSOR
СЕКТОР ЗА ИНДУСТРИСКО ЗАГАДУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК
DEPARTAMENTI I NDOTJES INDUSTRIALE DHE MENAXHIMIT TË RREZIKUT

Поради, превземање на управувањето со инсталацијата од страна на **Друштво за производство на топлинска енергија ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје,** како нов оператор од 2023година, и во согласност со лиценца за производство на топлинска енергија, и настаната промена на називот и сопственичката структура, на 17.01.2024год. доставено е Барање УП1-11/3-96/2024 за целосен Пренос на А-Дозволата за усогласување со оперативен план со бр.11-1390/2 од 31.01.2014год. од Друштво за производство на топлинска енергија **ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЦИ ДООЕЛ** Скопје - **ТОПЛАНА ИСТОК** на **Друштво за производство на топлинска енергија ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје.**

Со барањето за целосен пренос е постапено во согласност со член 118 и член 130 став 1 и 2 а во врска со членот 134 став 2 од Законот за животна средина (Службен весник на РМ 53/05, 81/05 и 24/07, 159/08, 83/09,48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012 ,93/2013, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18, 99/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.89/22 и 171/22). Во Прилог на Барањето за Пренос на А-Дозвола за усогласување со оперативен план, доствен е Извештај од Генерална еколошка ревизија со пропратна документација. Главна цел на Извештајот за Генерална еколошка ревизија е да се изврши процена на управувањето со сите медиуми на животната средина(емисии во вода, воздух, управување со опасни хемикалии, управување со отпад, управување со ризици, бучава и др. аспекти).

Постапката за Пренос на А-Дозвола за усогласување со оперативен план иако не е појаснета во Глава XIV - Дозволи за усогласување со оперативен план, член 134 став2 дава можност да биде реализирана со примена на одредбите од ГлаваXII кои се однесуваат за А-Интегирани еколошки доволи (Закон за животна средина).

Одделението за интегрирано спречување и контрола на загадувањето -Секторот за индустриско загадување и управување со ризик - Управа за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање, по разгледувањето на целокупната документација а во доменот на своите надлежности, во смисла на член 118 став 3 од Законот за животна средина, реализира целосен пренос на А – Дозволата за усогласување со оперативен план со бр.11-1390/2 од 31.02.2014год. и донесе Решение УП1-11/3-96/2024 за целосен пренос на дозволата од:


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA E MJEDISIT JETËSOR
СЕКТОР ЗА ИНДУСТРИСКО ЗАГАДУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК
DEPARTAMENTI I NDOTJES INDUSTRIALE DHE MENAXHIMIT TË RREZIKUT

Друштво за производство на топлинска енергија **ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ** Скопје - **ТОПЛАНА ИСТОК** на **Друштво за производство на топлинска енергија ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје,** како нов оператор,

Имајќи го предвид погоре изнесеното се донесе решение како во диспозитивот
Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатсво за правното средство:** Против ова решение може да се изјави жалба во износ од 250,00 денари упатени на жиро смека 840*** ** ** ** во готови пари до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од објавување на решението во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија.

Со почит,
Me respekt,

**МИНИСТЕР**
**Каја Шукова**

Изготвил/Përgaditi: Светлана Глигорова
Контролирал/Kontrolloi: Besa Tateshi
Одобрил/Aprovoi: Nazim Aliti
**Управа за животна средина/Drejtoria për mjedis jetësor**
**Директор/Drejtor**
**Hisen Xhemaili**